Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ

Бр. 0306/659

13.11.2014 год.

СКОПЈЕ

# СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА ОПЕРАТОРИ НА КАБЕЛСКА МРЕЖА МК НЕТ-Скопје

ул.Народен фронт бр.19-а ТЦ Беверли Хилс кат 1 локал 1 Скопје

**ДО :**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ**

**ПРЕДМЕТ : Забелешки на Нацрт-Правилник**

**ОД : Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ-Скопје**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 13.11.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 5625 | 1 | |

Почитувани,

Ви се заблагодаруваме за укажаната можност да дадеме свое мислење и забелешки на Нацрт- правилник за содржината и формата на пријавата во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и на потврди за регистрација на програмски сервиси.

Во врска со Прилозите кои што е потребно секој оператор да ги достави кон пријавата сметаме дека доставувањето на нив ќе биде голем финансиски терет на самите оператори.Доставувањето на фотокопирани Договори заверени на Нотар за веродостојност, преведени авторизации од имателот на правата на македонски јазик од овластен судски преведувач и заверени на Нотар како и Дозволи за вршење на радиодифузна дејност на дифузерите, значи дека секој кабелски оператор би требало да одвои големи финансиски средства за комплетирање на документацијата која е потребна да се достави.

За поедноставување а воедно и намалување на финансискиот трошок кој би го имале оператерите сметаме дека најдобро би било Агенцијата да оформи регистар за Дозволи за вршење на радиодифузна дејсност за странските радиодифузери и веќе доставените Дозволи да нема потреба повторно да се доставуваат од останатите оператори.Истотака ова би важело и за Логоата за идентификација на програмските сервиси.Дозволите и Логоата се исти за сите кабелски оператори.

Околу Барањето за доставување на Договори најголем дел од оригиналните Договори кои им се доставуваат на оператерите се во еден примерок.Имајќи во предвид дека Договорите за реемитување на странските радиодифузери се состојат од 30-тина страни, заверката на фотокопија на Нотар за веродостојност на оригиналот би чинело многу.Поради ова сметаме дека доволно би било да се доставуваат само фотокопирани Договори.

Се надеваме дека нашите забелешки и мислење ќе бидат сериозно разгледани и истите ќе бидат прифатени од Ваша страна

За сите дополнителни информации Ви стоиме на располагање.

Со почит,

Скопје 13.11.2014год

За СИЗ МК НЕТ

Стопанска интересна заедница на оператори на кабелска мрежа МК НЕТ СКОПЈЕ